СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ВЕСТИ

**јануари 2019 година**
**ЕУЦ-број 41/2019**

## РОМАНСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

romania2019.eu

www.romania2019.eu

Романија на 1-ви јануари 2019 година го започна своето прво претседавање со Советот на ЕУ. Следните месеци од претседателството ќе бидат динамични за ЕУ, во очекување на излегувањето на Велика Британија од блокот како и изборите за Европскиот парламент во мај.

Приоритетите на Романија како претседавач со ЕУ се да обезбеди фер и одржлив развој преку зголемување на конвергенцијата, кохезијата, иновациите, дигитализацијата и поврзувањето, зачувување на безбедноста на Европа, зајакнување на улогата на ЕУ како глобален лидер и Европа на заеднички вредности.

Романското претседателство со ЕУ ја започна програмата на новата „тројка“ на земји-членки. Во групата покрај Романија е Финска која ќе претседава во втората половина на 2019 година и Хрватска која ќе претседава во првите шест месеци од 2020 година. Во документот подготвен од „триото“ на земјите-членки, во делот кој се однесува на зајакнувањето на улогата на ЕУ како глобален играч, еден од приоритетите е *посветеноста на политиката на проширување* што претставува стратешко инвестирање во мир, демократија, просперитет, безбедност и стабилност во Европа.

Приоритетите на Романското претседателство се поставени во 4 столба. Целта на првиот столб *„Европа на конвергенција“* е да го продолжи процесот на преговори за повеќегодишната финансиска рамка 2021-2027, развој на социјалната димензија на ЕУ преку спроведување на Европскиот столб за социјални права, унапредување на агендата на ЕУ во економската и финансиската сфера, промовирање на истражувања и иновации, дигитализација и поврзување со цел зголемување на конкурентноста на европската економија и индустрија.

Вториот столб - *„Посигурна Европа“* е насочен кон јакнење на внатрешната безбедност, преку зајакнување на соработката меѓу земјите-членки и зголемување на интероперабилноста на безбедносните системи на ЕУ и подобрување на целокупната отпорност на Унијата на сајбер-напади. Меѓу целните приоритети на вториот столб се и продолжување на борбата против тероризмот, со дополнително внимание на прашањата за миграцијата и олеснување на дијалогот помеѓу земјите-членки со цел изнаоѓање решенија за ефективна и одржлива миграција на ЕУ и политиката за азил,.

Третиот столб - *„Европа како посилен глобален актер“* има за цел зајакнување на одбранбените и безбедносните способности на ЕУ во силна врска со слични процеси во НАТО, *унапредување на процесот на проширување на ЕУ* со цел да се обезбеди поголема внатрешна и надворешна безбедност, како и промовирање на европските комерцијални интереси преку консолидација на мултилатерализмот и модернизација на мултилатералниот трговски систем и преку проширување на Договорите за партнерство за економска и слободна трговија.

Четвртиот столб - *„Европа на заеднички вредности“* се фокусира на остварување на целите за ефикасното спречување на расизмот, нетолеранцијата, ксенофобијата, популизмот, антисемитизмот и обесхрабрувачкиот говор на омраза, спротивставување на онлајн дезинформациите, лажните вести и борбата против половата дискриминација на пазарот на трудот и деловното опкружување.

### Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Романско претседателство со Советот на Европската унија | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Програма за зајакнување на приватните и јавните инвестиции во ЕУ - InvestEU | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-6 |
| Европски избори 2019 | 7 |
| Европската валута одбележа 20 години од воведувањето | 7 |
| Стопирање на ЕУ фондовите - предлог на Европскиот парламент | 8 |
| Светски економски форум во Давос | 8 |
| Европски градови на културата 2019 | 9 |
| Европска престолнина на младите 2019 | 9 |
| Иницијатива на Европската комисија - Women4cyber | 10 |
| Зголемен средствата за хуманирана помош во Европскиот буџет за 2019 година | 10 |
| Дополнителни 800 милиони евра за европската енергетска инфраструктура | 11 |
| ЕУ календар / февруари 2019 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија од 14 до 17 декември 2019 година***

Европратениците на пленарната сесија повикаа на натамошни напори за осигурување на безбедноста на патиштата и поддршка за индустријата на ЕУ. Во дебата беше истакнато дека комуникацијата на Европската комисија „На патот кон автоматска мобилност“ претставува важна пресвртница во стратегијата на ЕУ за поврзана и автоматска мобилност, но нагласија дека се потребни дополнителни напори за да се обезбедат доволно финансиски средства за поддршка на секторот и соодветни правила за безбедност и одговорност.

За време на церемонијата за одбележување на 20-годишнината од еврото, на пленарната седница беше истакната популарноста на валутата и нејзината улога во зајакнувањето на позицијата на ЕУ во светот. Отворајќи ја церемонијата, претседателот на Европскиот парламент, Антонио Тајани, истакна дека 75% од граѓаните го одобруваат еврото, што е највисокиот рејтинг на популарноста досега. Тој подвлече дека тоа го олесни животот на многу начини и обезбеди заштита за време на финансиската криза.

Австрискиот канцелар Себастијан Курц во своето обраќање на пленарната сесија, изрази благодарност на Европскиот парламент за успешната соработка и вети дека ќе продолжи да придонесува кон зајакнување на ЕУ. Педесет и три успешно склучени законски процедури, иницијатива против антисемитизам, Африкански форум, прелиминарна работа за преговорите за долгорочниот буџет на ЕУ и нови идеи за ревидирање на предлозите за азил на Европската комисија; сето ова придонесе австриското претседателство да биде едно од „најуспешните во поновата историја на ЕУ“, истакна претседателот на Европската комисија Жан-Клод Јункер за време на завршната дебата на Европскиот парламент за австриското претседателство со Советот.

Во фокусот на Романското претседателство со Советот на ЕУ ќе бидат конкурентноста, дигитализацијата, заштитата и безбедноста на граѓаните, ова го истакна романската премиерка Виорика Данчила на дебатата во ЕП. Европратениците од сите политички групи истакнаа дека се подготвени да работат заедно со претседателството за да се придвижат напред кон европските законски прашања во приоритетните области, посочувајќи дека романската влада мора да стори повеќе за промовирање на европските вредности со тоа што ќе биде повеќе политички стабилна и доследна.

Неколку месеци пред европските избори, преговарачите на ЕП и Советот се согласија за нацрт-закон за воведување на финансиски санкции за европските политички партии или фондации кои ги прекршуваат правилата за заштита на податоците, или намерно да влијаат или да се обидат да влијаат на исходот на европските избори. Комисијата за уставни прашања на Европскиот парламент на 29 јануари даде поддршка на договорот склучен од страна на преговарачите, кој понатаму ќе треба да ја добие поддршката од Парламентот во целина (во март), како и од Советот пред да може да влезе во сила. Регулативата ќе биде обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки на денот на нејзиното објавување во Службениот весник на ЕУ.

Со 444 гласа, 167 против и 68 воздржани, Европскиот парламент даде зелено светло за проширување на преференцијалните тарифни стапки на територијата на Западна Сахара откако Европската комисија и Мароко се договорија за механизам за следливост, кој помага да се дефинира потеклото на производите извезени од територијата. Овој механизам беше побаран од Комитетот за меѓународна трговија пред да даде препорака за согласност. Европратениците истакнаа дека тарифните преференции што ги ужива територијата помеѓу 2013 и 2016 година имаат позитивно влијание врз земјоделскиот и рибниот сектор, инвестициите во инфраструктурата, здравството и образованието.

Европскиот парламент гласаше за реформирање на Европскиот фонд за приспособување кон глобализацијата, кој ги поддржуваше работниците отпуштени поради глобализацијата, технолошките или еколошките промени.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Европратениците го променија името на фондот од Европски фонд за прилагодување кон глобализацијата во Европски фонд за транзиција (EFT) и нагласија дека тој треба да остане итна алатка за солидарност. Фондот ќе ги адресира негативните ефекти од глобализацијата и технолошките транзиции, како што се дигитализацијата и автоматизацијата, како и транзицијата кон економијата што ефикасно ги користи ресурсите. Покрај тоа, Парламентот го намали прагот за отпуштање, што значи дека мора да има 200 работници технолошки вишок или повеќе, пред една компанија во земја-членка да поднесе барање до EFT.

На пленарната сесија европратениците предложија планови за зголемување на довербата во постапката за одобрување на ЕУ за пестициди. Тие се согласија дека треба да се дозволи пристап на јавноста до студиите што се користат во постапката за одобрување на пестициди, вклучувајќи ги и сите придружни податоци и информации поврзани со апликациите. Во текот на постапката, кандидатите треба да бидат обврзани да ги регистрираат сите регулаторни студии кои ќе се вршат во јавен регистар и да овозможат „период на коментар", за време на кој заинтересираните страни можат да обезбедат дополнителни податоци за да се осигурат дека се земаат предвид сите релевантни информации пред да се донесе одлука.

Европратениците ја поддржаа позицијата на Комитетот за граѓански слободи за тројно зголемување на средствата доделени во долгорочниот буџет на ЕУ (2021-2027) за Програмата за права и вредности, до 1,834 милијарди евра (Европската комисија предложи 642 милиони евра). Со општа цел да ги заштити и промовира правата и вредностите наведени во член 2 од Договорот за ЕУ преку поддршка на организациите на граѓанското општество на локално, регионално, национално и транснационално ниво, Програмата има за цел да промовира еднаквост и недискриминација, ангажирање и учество во демократскиот процес и борба против насилството.



www.europarl.europa.eu

## ПРОГРАМА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРИВАТНИТЕ И ЈАВНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЕУ - INVESTEU

Европската комисија ја поздрави поддршката од Европскиот парламент за програмата за зајакнување на приватните и јавните инвестиции во Европа во следниот долгорочен буџет на ЕУ-InvestEU.

Поддршката претставува значаен исчекор за креирање на програма за која се предвидува да поттикне најмалку 650 милијарди евра инвестиции. Комисијата ги повика земјите-членки што побрзо да дадат согласност за позицијата што ќе овозможи почеток на дискусиите помеѓу трите институции.

Предлогот на Комисијата за InvestEU се базира на успехот на Инвестицискиот план за Европа - Планот на Јункер - кој веќе мобилизира повеќе од 371 милијарди евра инвестиции. Со обезбедувањето на буџетска гаранција од ЕУ во висина од 38 милијарди евра за поддршка на инвестициите, Фондот InvestEU е ориентиран кон политики и ќе поддржува 4 главни области: одржлива инфраструктура; истражување, иновација и дигитализација; мали и средни бизниси; и социјални инвестиции и вештини.

InvestEU ќе ги обедини под еден покрив и со еден единствен бренд сите финансиски инструменти на ЕУ кои се моментално достапни за поддршка на инвестициите. Ова ќе го направи финансирањето на ЕУ за инвестициски проекти поефикасно и поедноставно за пристап.

Покрај фондот InvestEU, програмата ќе се состои и од Советодавен центар InvestEU и од порталот InvestEU, со цел да продолжи да обезбедува приспособена поддршка за промоторите на проектот, како и лесно достапен напредок на зрели проекти за потенцијални инвеститори.




http://europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Македонија г. Талат Џафери на 21 јануари 2019 год. оствари средба со министерот за одбрана на Република Словенија, Карл Ерјавец кој престојуваше во официјална посета на Република Македонија. Господин Џафери го информираше г. Ерјавец за процесот на уставните измени и за реформските процеси во Собранието во контекст на процесот на пристапување во НАТО и изрази надеж дека, најдоцна до почетокот на наредната година, земјата и официјално ќе биде триесеттата земја членка на НАТО. Министерот Ерјавец го изрази своето уверување за скорешното членство на Република Македонија во НАТО, што ќе придонесе за стабилноста во безбедносен аспект на државата, но и во економска смисла, со што ќе се овозможат поголеми перспективи за младите.
Комисијата за одбрана и безбедност, во соработка со Министерството за одбрана и Амбасадата на Република Словенија во РМ, на 21 јануари во Собранието организираа панел-дискусија на тема „НАТО-повеќе од Алијанса за стабилност и безбедност“. Овој настан беше во рамките на официјалната посета на Република Македонија на министерот за одбрана на Република Словенија, Карл Ерјавец.



www.sobranie.mk

Претседателката на Парламентарното Собрание на НАТО, Меделин Мун (Madeleine Moon) (Обединето Кралство), на 15 јануари 2019 год. го поздрави усвојувањето на уставните амандмани од страна на Собранието во Скопје, со што се овозможи промената на официјалното име на земјата. „Би сакала да им честитам на владините и собраниските власти во Скопје за вчерашното усвојување на историските уставни измени кои ја водат нивната земја чекор поблиску до членството во НАТО“ изјави Мун. Преспанскиот договор од 17 јуни 2018 година, помеѓу премиерите Зоран Заев и Алексис Ципрас беа клучниот фокус на Рос-Рот семинарот организиран од НАТО во Скопје, неколку дена по склучувањето на договорот. На обраќањето на Годишната сесија на ПС на НАТО во Халифакс, Канада на 19 јануари 2019 година, претседателот Талат Џафери исто така го истакна значењето на Преспанскиот договор за неговата земја и соседната Грција: “Сите ние сме победници, затоа што отворивме пат на разумот да дојде до решение прифатливо за двете страни докажавме дека кога се има волја, кога се има визија за иднината, сѐ се може”.

Претседателот на Собранието г. Талат Џафери на 23 јануари 2019 год. оствари средба со претседателот на Собранието на Црна Гора, г. Иван Брајовиќ кој беше во прва официјална посета на Република Македонија и прв претседател од независноста на Црна Гора во 2006 година кој ја посетил земјава. Двајцата соговорници се согласија за важноста на регионалната соработка за стабилноста, просперитетот и развојот на регионот и дека двете страни треба заеднички да работат на зајакнување и продлабочување на таа соработка во сите области. Претседателот на Црна Гора имаше свое обраќање пред пратениците, на 79 седница на Собранието на Република Македонија.Исто така, претседателот и членовите на пратеничката група во Собранието за соработка со парламентот на Црна Гора, остварија средба со претседателот на парламентот на Црна Гора г. Брајовиќ.





Претседателот на Собранието г. Талат Џафери на 22 јануари 2019 год. оствари средба со новиот Генерален секретар на Советот за регионална соработка (СРС) Мајлинда Брегу. На средбата г. Џафери потенцираше дека високо ја цени улогата на СРС, како „оперативна рака“ на Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), нагласувајќи дека Собранието е активен учесник во Парламентарното собрание на ПСЈИЕ и претседавач со Генералната комисија за правда, внатрешни работи и безбедносна соработка. Брегу нагласи дека во фокусот на активностите на СРС се мобилноста, конкурентноста, поврзаноста и владеењето на правото во земјите од ЈИЕ, при што информираше дека во Скопје во тек е втората рунда на преговори за заедничко признавање на дел од дипломите меѓу земјите од Западен Балкан, што се очекува да резултира со Спогодба.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието г.Талат Џафери на 17 јануари 2019 год. оствари средба со г.Романо Проди актуелен универзитетски професор, поранешен премиер на Италија и поранешен претседател на Европската комисија. Повод за оваа средба беше номинацијата на г. Проди за овогодишната Светска награда за хуманизам, востановена од Охридската академија за хуманизам. На средбата г. Џафери го информираше г. Проди за воспоставувањето на добрососедски односи со соседите, со цел непречено одвивање на евроатлантските интеграции на земјата. Господин Проди на средбата истакна дека Република Македонија треба повторно да биде ставена во првиот ред за пристапување во Европската Унија, бидејќи процесот на пристапување е почнат одамна.



www.sobranie.mk

***Романското претседателство со ЕУ со посебно внимание на Западен Балкан***

На седницата на Собраниската Комисија за европски прашања одржана на 23 јануари 2019 год. беа претставени Програмата и приоритетите на Романското претседателство со Советот на ЕУ, од страна на амбасадорот на Република Романија во Република Македонија, Н.Е. Виорел Станила. Претседателот на комисијата Артан Груби нагласи дека ЕУ треба да ги валоризира постигнатите резултати што Македонија ги направи во изминатиот период, и тоа, пред сè , реализацијата на Преспанскиот договор со усвојувањето на уставните измени во Собранието, со кој се надмина спорот со името со Република Грција, како и минатогодишниот Договор за добрососедство и пријателство со Република Бугарија. Исто така, Груби го посочи како значајно и влегувањето во сила на Законот за употребата на јазиците, со што се заокружи целосната имплементација на Охридскиот рамковен договор, како дел од политичките критериуми и услов за пристапување кон Унијата. Воведни излагања по темата имаа и амбасадорот на ЕУ во Македонија, Жбогар и вицепремиерот за европски прашања, д-р Османи. Во однос на Процесот на проширување на ЕУ, г. Станила истакна дека Романското претседателство посебно внимание му посветува на Западен Балкан, со цел да се обезбеди стабилност, безбедност и развој на непосредното соседство на ЕУ. На седницата беа поканети и Националниот совет за евроинтеграции, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот Парламентарен Комитет РМ-ЕУ.

Претседателот на Комисијата за европски прашања, Артан Груби, на 22 јануари 2019 год. оствари средба со новиот генерален секретар на Регионалниот совет за соработка, Мајлинда Брегу. На средбата г.Груби информираше за најновите случувања во земјата, со посебен осврт на реализацијата на Преспанскиот договор со Република Грција, како и на минатогодишниот Договор за добрососедство и пријателство со Република Бугарија. Во однос на реализацијата на Охридскиот рамковен договор, Груби, посочи дека со влегувањето во сила на Законот за употребата на јазиците, се заокружи целосната имплементација на Договорот. Госпоѓа Брегу истакна дека како Генерален секретар и понатаму ќе се залага за активно помагање на земјите во регионот за нивно приближување кон евроатлантските структури.



Делегацијата на Комисијата за европски прашања во состав: Јагода Шахпаска, Агим Шаќири и Жаклина Пешевска учествуваше на дводневната *Конференција на комисиите за европски прашања,* која се одржа на 20 и 21 јануари 2019 год. во Букурешт. Во дебатата пратеничката Јагода Шахпаска истакна дека Македонија го надмина спорот со Република Грција, со што се заврши првата фаза од имплементацијата на Договорот од Преспа, односно реализацијата на уставните измени. Во реформскиот процес Македонија се фокусира и на четирите клучни реформски области наведени во Заклучоците на Советот од јуни 2018 година: судството, борбата против корупцијата, реформи во разузнавачките и безбедносните служби, како и реформите во јавната администрација.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



**Позицијата и опозицијата со консензус за ЕУ прашањата**

Претседателот на Комисијата за европски прашања, Артан Груби, заедно со членовите и замениците на Комисијата, имаа средба со француските пратеници, во Националното собрание на Франција, Лилијана Танги и Жак Мер, во придружба на амбасадорот на Франција во Македонија, Кристијан Тимоние. Претседателот на Комисијата Груби истакна дека за поздравување е тоа што во Комисијата се постигнува консензус за ЕУ прашања помеѓу опозицијата и позицијата. Француските пратеници го поздравија усвојувањето на уставните амандмани, како важен чекор на патот кон ЕУ и НАТО, и ја потврдија подготвеноста за понатамошна соработка и помош во евроинтегративните процеси од страна на Франција. Во тој контекст, истакнаа дека за успешно реализирање на преговорите за членство во Унијата првенствено е значајна квалитетна и професионална администрација, како за подготовка на ЕУ законите, така и за нивна имплементација



Претседателот на Собранието на Република Македонија, г. Талат Џафери на 28 јануари 2019 година, оствари средба со министерот за надворешни работи на Република Литванија, г. Линас Линкевичиус кој престојуваше во официјална посета на Република Македонија. Средбата помина во пријателска и конструктивна атмосфера и на истата беа разменети повеќе информации и мислења околу идната соработка на двете земји како на билатерален така и на мултилатерален план, особено во рамките на нашите евроатлантски интеграции.



Собраниските комисии за надворешна политика и за европски прашања на 28 јануари 2019 год. остварија заедничка средба со Линас Линкевичиус, министер за надворешни работи на Република Литванија, во придружба на Раша Каирине, амбасадор на Република Литванија во Македонија и Ваида Станкевичиус, шефица на одделот за Југоисточна Европа во Министерството за надворешни работи на Литванија.Со средбата претседаваше заменик-претседателката на Комисијата за надворешни работи, Магдалена Манаскова, а присутни беа претседателот на Комисијата за европски прашања, Артан Груби и членовите на двете комисии. Соговорниците во текот на средбата дадоа еден реален пристап и совети за нашата понатамошна интеграција на патот кон ЕУ и НАТО, кој Македонија треба да го спроведе, воедно и едногласно изразија поддршка за интензивирање на целокупната соработка.



Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, Цветанка Иванова, учествуваше на *редовниот состанок на генерални секретари на парламентите на земјите-членки на ЕУ и на земјите-кандидати*, што се одржа на 28.01.2019 во Виена, Република Австрија. На првата сесија се презентираше Предлог-програмата за Конференцијата на спикери на парламенти на земјите-членки на ЕУ и земјите-кандидати, што ќе се одржи на 8 и 9 април 2019 во Виена. Беше презентирана Програмата и активностите на Романското претседавање со Советот на ЕУ од страна на генералните секретари на Романскиот претставнички дом и на Сенатот. Генералниот секретар на Европскиот парламент, Клаус Веле имаше презентација во контекст на Европските избори (23-26 мај 2019) и активностите на Европскиот парламент во овој период. Втората сесија беше посветена на активностите на IPEX (Мрежа за Интер-парламентарна размена на податоци). Трета сесија „Отворени парламенти – можности и лимити“ беше посветена на дебатата за тоа колку реалната отвореност на парламентите за јавноста носи високи безбедносни ризици и предизвици. На маргините на состанокот Иванова се сретна со домаќинот, Харалд Доси, генерален секретар на австрискиот парламент, и разговараше со Сер Дејвид Нацлер, генерален секретар на Претставничкиот дом на Британскиот парламент. Иванова оствари повеќе неформални средби и со своите колеги од Хрватска, Црна Гора, Србија, Словенија и Бугарија, при што размени мислења за можностите за заемна помош околу подобрувањето и унапредувањето на парламентарните практики, квалитетот во работењето на службите, прилагодувањето кон потребите кои произлегуваат во пристапниот процес кон ЕУ, улогата на парламентот и службите во овој процес, како и за можностите за размена на искуствата преку тренинзи, обуки и работилници.



На 29.01.2019 год. во Брисел се одржа *Интерпарламентарна конференција на тема: „Комуникација со граѓаните, како да се развие сеопфатна комуникациска стратегија од Парламентот“,* организирана од Групата за поддршка на демократијата и координација на изборите во соработка со Комитетот за надворешни работи на Европскиот парламент. На конференцијата учествуваше и делегација од Собранието во состав: Павле Богоевски, Иван Иванов, Агим Шаќири и Зеќир Рамчиловиќ. На конференцијата се дебатираа теми и разменети милсења и искуства за политика за комуникација со ЕП, комуникациската стратегија на ЕП за изборите за ЕП 2019 година, како парламентот може да го следи јавното мислење, како парламентот да се бори со лажните вести, Европскиот парламент и медиумите: услови обезбедени за новинарите, Европскиот парламент и граѓаните: директни канали на комуникација.

**Закони од НПАА донесени во Собрание во јануари 2019**

| | Наслов на законот | Поглавје | Пленарна седница на Собрание |
|---|---|---|---|
| 1 | Закон за спречување на корупцијата и судир на интереси | 24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ | 80 седница, 17.01.2019 |
| 2 | Закон за јавните набавки | 05 ЈАВНИ НАБАВКИ | 81 седница, 28.01.2019 |
| 3 | Закон за изменување и дополнување на Законот за културното наследство | 26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА | 81 седница, 28.01.2019 |
| 4 | Закон за дополнување на Законот за ученичкиот стандард | 26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА | 81 седница, 28.01.2019 |
| 5 | Закон за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард | 26 ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА | 81 седница, 28.01.2019 |

## ЕВРОПСКИ ИЗБОРИ 2019

Европските избори ќе се одржат од 23 до 26 мај 2019 година, со што сите возрасни граѓани на ЕУ ќе можат да изберат кој ќе ги претставува во новиот состав на Европскиот парламент.

Според правилата, треба да се користи формата на пропорционална застапеност при изборот на европратеници. Овој систем гарантира дека ако партијата добие 20% од гласовите, исто така ќе освои приближно 20% од предвидените пратенички места, така што и поголемите и помалите политички партии имаат шанса да испратат свои претставници во Европскиот парламент.

Земјите во ЕУ имаат различни традиции за гласање и секоја може да одлучи за денот на спроведување на изборите во рок од четирите дена, од четвртокот (денот кога Холандија вообичаено гласа) до недела (кога повеќето од земјите ги одржуваат своите избори).

Изборите претставуваат натпревар на националните политички партии, но откако ќе бидат избрани европарламентарците, најмногу од нив се одлучуваат да станат дел од политичките групи во ЕП. Повеќето национални партии се поврзани со одредена европска широка политичка партија.

На изборите во 2014 година главните европски политички партии за прв пат номинираа свои кандидати за претседател на Европската комисија. Кандидатот на Европската народна партија продолжи да ја извршува функцијата претседател на Комисијата по добивањето на мнозинство во новиот парламент.

Европските политички партии се очекува да ги предложат своите главни кандидати за изборите во 2019 година.

Политичката партија на европско ниво е составена од национални партии и поединци и е застапена во неколку земји-членки. Националните партии учествуваат на европските избори, а по изборите се приклучуваат на политичката група во Европскиот парламент, од своето политичко семејство.




www.europarl.europa.eu

## ЕВРОПСКАТА ВАЛУТА ОДБЕЛЕЖА 20 ГОДИНИ ОД ВОВЕДУВАЊЕТО

Заедничката валута на Европа, наполни 20 години од воведување како платежно средство на 1 јануари 2019 година и стана официјална валута на 11 земји-членки чија одговорност за монетарната политика беше дадена на Европската централна банка и на Евросистемот.

Изворни членови на еврото се Австрија, Белгија, Финска, Франција, Германија, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија, Шпанија и Португалија. Грција се приклучи во 2001 година. Оттогаш, уште седум земји-членки го воведоа еврото: Кипар, Естонија, Латвија, Литванија, Малта, Словачка и Словенија.Денес, еврото претставува заедничка валута на 340 милиони Европејци во 19 земји -членки на Унијата.

За одбележување на 20 годишниот јубилеј, петте претседатели на институциите и телата на ЕУ најдиректно одговорни за еврото, Европската комисија, Европскиот парламент, Европскиот совет, Европската централна банка и Еврогрупата, дадоа свои коментари по повод годишнината од еврото.

Еврото донесе видливи придобивки за европските домаќинства, бизниси и влади: стабилни цени, пониски трансакциски трошоци, заштитени заштеди, потранспарентни и конкурентни пазари и зголемена трговија.

Останатите земји-членки на ЕУ се очекува да се приклучат на еврозоната откако ќе ги исполнат критериумите.

Еврото претставува втора најважна меѓународна валута која се користи во околу 60 земји во светот.




www.europarl.europa.eu

## СТОПИРАЊЕ НА ЕУ ФОНДОВИТЕ - ПРЕДЛОГ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



www.europarl.europa.eu

Земјите-членки на ЕУ кои ги поткопуваат демократските принципи на блокот би можеле да останат без средствата од европските фондови, ова се предвидува со предлог-законот поддржан од Европскиот парламент. Овој закон се смета за нов инструмент во борбата против заканите за независноста на судовите и за неучество во спречувањето на корупцијата во некои од земјите на ЕУ, како Полска, Унгарија и Романија.
Законот кој треба да биде одобрен од сите земји-членки на ЕУ, на 17 јануари годинава доби поддршка од 397 европратеници, 158 беа против и 69 воздржани. Интересно е како гласаа европратениците од земјите-членки против кои е поведена постапка согласно членот 7 од Договорот за ЕУ или би можеле да бидат цел на оваа постапка - Полска, Унгарија, Романија, Бугарија и Малта.
„Владите што се мешаат во судството или не се ангажираат во борбата против измами и корупција, ќе се соочат со суспендирање на средствата од ЕУ“, се наведува во предлог-законот. Европскиот парламент образложи дека Европската комисија може да предложи намалување на средствата за земјите каде што има очигледни „недостатоци во владеењето на правото“.
Независните експерти назначени од националните парламенти и ЕП ќе соработуваат со Комисијата за проценка на почитување на владеењето на правото во земјите-членки.
Европскиот парламент и сите земји-членки ќе мора да ги одобрат мерките што произлегуваат од суспендирањето на плаќањата од буџетот на ЕУ до намалување на готовинските плаќања однапред. Земјите-членки што го прекршуваат владеењето на правото ќе мора да ги решат проблемите, а потоа министрите на ЕУ како и ЕП, ќе ги „ослободат“ средствата, се вели во изјавата на ЕП.

## СВЕТСКИ ЕКОНОМСКИ ФОРУМ ВО ДАВОС

WORLD ECONOMIC FORUM

ec.europa.eu

Околу 2.500 учесници од стотина земји, меѓу кои 40 шефови на држави, учествуваа на Светскиот економски форум што се одржа од 22 до 25 јануари 2019 година во Давос, Швајцарија.

Годинава се разговараше за „Совладувањето на четвртата индустриска револуција“, предизвикана од брзите и масовни иновации во областите на роботиката, беспилотните летала и биотехнологиите. Меѓу главните теми беа и бегалската криза, сиромаштијата и глобалните финансии.

Целта на годишниот состанок е да биде отворен и инклузивен што се обезбедува преку широко меѓународно учество на медиумите, телевизиски сесии и предавања, како и преку социјалните медиуми и милионите следбеници на Форумот.

Во Давос, Европската комисија ја доби наградата за Циркуларна економија 2019 година од Светскиот економски форум и Форумот на младите глобални лидери. Наградата е признание за забрзување на транзицијата кон циркуларна економија која ја штити животната средина и ги намалува емисиите на стакленички гасови, истовремено обезбедувајќи можности за работни места, раст и инвестиции.

Европската комисија во 2015 година, воспостави единствена сеопфатна стратегија “Пакетот за циркуларна економија. Циркуларната економија е дел од модернизацијата и трансформацијата неопходна за ЕУ да стане првата голема економија во светот која ќе биде климатска неутрална до 2050 година, согласно долгорочната стратегија што Комисијата ја предложи во ноември 2018 година.

Европската комисија во моментов размислува кои чекори се потребни да се преземат со цел Европа да биде уште поодржлива.

## ЕВРОПСКИ ГРАДОВИ НА КУЛТУРАТА 2019

Бугарскиот град *Пловдив* и италијанскиот Матера се европски престолнини на културата за 2019.
Програмата на Пловдив под мотото „Заедно" ќе донесе нови можности за регионот и меѓународна видливост за градот. Повеќе од 300 проекти се организирани во Пловдив, како и во градовите Варна, Софија и Големо Трново. Проектите вклучуваат фестивали и заеднички проекти на области и теми поврзани со карактеристиките на Пловдив, неговата историја, културното наследство и предизвиците со кои се соочува градот. Од откривањето на кирилицата преку разни изложби, до заеднички театарски продукции со Западен Балкан и ромската и турската заедница, посетителите имаа низа активности во кои зедоа учество. Свеченото отворање на програмата се одржа од 11 до 13 јануари со серија на настани., на кое присуствуваше и Комесарот за дигитална економија и општество Марија Габриел.
Програмата за *Матера* беше организирана под мотото „Отворена иднина“, со акцент на социјалното и културно вклучување и соработката за иновации. Како позначајни од програмата се издвојуваат „Ars Excavandi“, современ поглед на историјата и културата на подземната архитектура; „Повторно читање на ренесансата“, патување низ уметничкото минато на Базиликата и Апулија; и „Поезија на прсти“, изложба за централната улога на математиката во работата на уметниците низ вековите. Матера ги отвори и првите изведби на отворено на операта Cavalleria Rusticana во соработка со Театро Сан Карло, како и 27 проекти развиени со локални креативни заедници и партнери од Европа. Отворањето се одржа на 19 и 20 јануари годинава. Комесарот Наврачикс присуствуваше на официјалното отворање на 19-ти јануари.
Мелина Меркури, поранешна грчка министерка за култура, ја презеде иницијативата за почеток на Европската престолнина на културата во 1985 год. со што стана една од најзначајните културни иницијативи во Европа.

EUROPEAN CAPITAL OF CULTURE

http://europa.eu

---

## ЕВРОПСКА ПРЕСТОЛНИНА НА МЛАДИТЕ 2019

Нови Сад е прогласен за Европска престолнина на младите за 2019 година во конкуренција на градови како Амин, Манчестер и Перуџа. Градот го претстави проектот „Нови Сад ја отвори вратата“, што е покана до младите луѓе активно да се вклучат во сопствениот развој и да станат независни.
Веднаш по номинацијата, Нови Сад беше домаќин на Генералното собрание на Европскиот младински форум од 22 до 24 ноември 2018 година, на кој настанот присуствуваа над 250 претставници од цела Европа кои разменија најдобри практики и искуства и дискутираа за политиките поврзани со младите и младински организации.
Иницијативата Европски престолнини на младите во 2019 година беше прогласена за иницијатива од национален интерес која го надополнува процесот на пристапување на Република Србија во ЕУ.
Европскиот младински форум (Граѓанска организација на ЕУ) титулата ја доделува на градовите кои покажуваат најголема посветеност на активното учество на младите, развојот на локалните младински политики. Избраните градови ја користат можноста за една година да го претставаат културниот, социјалниот, политичкиот и економскиот живот на градот преку разни и развојни програми ориентирани кон младите.
Како што објави тимот на OPENS2019 во декември, титулата ќе се прослави на 26-ти јануари. Церемонијата започнува со свечено отворање во Синагогата во Нови Сад, по што големата прослава продолжува со журка во Големата сала SPENS, со престижни светски, регионални и локални музички ѕвезди.

NOVI SAD 2019 EUROPEAN YOUTH CAPITAL opening doors

www.youthforum.org

## ИНИЦИЈАТИВА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА - WOMEN4CYBER

Европскиот комесар за дигитална економија и општество, Марија Габриел, ја претстави иницијативата Women4Cyber во Брисел на 22 јануари 2019 година, лансирана од Европската организација за кибернетска безбедност (ECSO) во ноември минатата година.
Иницијативата има за цел да ја зголеми вклученоста на жените во развојот и унапредувањето на европската кибербезбедност. Комесарот Габриел истакна дека треба да се препознае талентот на жените и нивната експертиза и да се искористи нивниот потенцијал во кибернетската безбедност. Бидејќи жените остануваат недоволно застапени во областа, се очекува иницијативата да даде конкретни резултати за вклучување и напредување во кариерата на жените во секторот на кибернетската безбедност во Европа.
Претходно, во 2018 година Комесарот Габриел изложи голем број активности на Европската комисија, за зголемување на учеството на жените во севкупниот дигитален сектор. Комисијата, ќе отпочне специјална програма за лицата кои ќе ги откријат слабостите во избраните програми за софтвер со отворен код кои ги користат сите институции на ЕУ. Наградите се движат од 3.000 до 25.000 евра. Оваа програма е клучна компонента на EU-FOSSA 2 (ревизија на слободен софтвер), проект финансиран од Европскиот парламент и имплементиран од Европската комисија со цел да се направи софтверот со отворен код, користен од страна на институциите на ЕУ посигурен.
И иницијативата Women4Cyber и програмата за пријавување на грешки на Европската комисија се во согласност со најновите мерки што ги презеде ЕУ за подобрување на сајбер-безбедноста на ЕУ.

www.eureporter.co

## ЗГОЛЕМЕНИ СРЕДСТВАТА ЗА ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ВО ЕВРОПСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2019 ГОДИНА




http://europa.eu

Европската Унија го усвои највисокиот иницијален годишен хуманитарен буџет од 1,6 милијарди евра за 2019 година.
Најголем дел од буџетот ќе се намени за кризата во Сирија, бегалците во соседните земји и екстремно критичната ситуација во Јемен. Во Африка, помошта од ЕУ ќе ги поддржи луѓето во регионите погодени од кризата во Јужен Судан, Централноафриканската Република, Езерото Чад, Демократската република Конго кои страдаат од епидемија на ебола и во регионите кои страдаат од криза за храна, како што е Сахел.
Во Латинска Америка, помошта од ЕУ е насочена на најранливите популации погодени од кризата во Венецуела и долготрајниот конфликт во Колумбија. Европската унија ќе продолжи да обезбедува помош во Авганистан и помош на населението Rohingya во Мјанмар и Бангладеш.
Во Европа, хуманитарните напори на ЕУ ќе се фокусираат на луѓето погодени од конфликтот во Украина.
Со оглед на зголемените ефекти од климатските промени, финансирањето ќе им помогне на ранливите заедници во земјите што се подложни на катастрофи да се подготват подобро за климатски шокови (суши, поплави и циклони).
Хуманитарната помош на ЕУ е независна и се заснова единствено на потребите, испорачани во согласност со хуманитарните принципи на човештвото, неутралност, непристрасност и независност.
Помошта од ЕУ се спроведува преку хуманитарни партнерски организации, вклучувајќи ги агенциите на ОН, невладините организации и семејството на Црвен крст, кои потпишаа договори за партнерство со Европската комисија.
Комисијата внимателно го следи користењето на фондовите на ЕУ преку својата глобална мрежа на хуманитарни експерти и има строги правила за безбедно финансирање.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ 800 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ЕВРОПСКАТА ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Земјите-членки на ЕУ на 21 јануари 2019 година гласаа за предлогот на Европската комисија, за инвестиција од скоро 800 милиони евра во клучните европски проекти за енергетска инфраструктура. Финансирањето од ЕУ доаѓа од Програмата за поврзување на Европа (CEF), европска програма за поддршка на Трансевропската инфраструктура.
Приоритет им се дава на проектите кои ја зголемуваат конкурентноста и безбедноста на снабдувањето со енергија на ЕУ и кои придонесуваат за одржлив развој и заштита на животната средина. Создавањето на поврзана модерна енергетска мрежа претставува клучен елемент на Енергетската унија, еден од политичките приоритети на Европската комисија.
Како корисници на средствата од финансиската помош на CEF избрани се вкупно 14 проекти: 7 за електрична енергија, 2 за паметни мрежи, 2 за прекуграничен транспорт на CO2 и 3 за гас. Предложените средства од околу 800 милиони евра, од кои на електрична енергија и паметни мрежи отпаѓаат околу 504 милиони евра, 9,3 милиони евра за поддршка на студии за развој на инфраструктура за транспорт на CO2 и доделените 286 евра на секторот за гас. Повикот за предлози беше отворен во јуни и затворен на 11 октомври 2018 година.
Во секторот за електрична енергија, грант од 323 милиони евра се доделува на *Балтичкиот проект за синхронизација на електрична енергија*, кој има за цел да ја зголеми безбедноста на снабдувањето и сигурноста на електроенергетските системи во регионот преку нивно синхроно поврзување со континенталната европска мрежа (CEN).
Во делот паметни мрежи одобрена е поддршка од 91 милиони евра за проектот ACON-SG за модернизација и подобрување на електричната мрежа помеѓу Чешка и Република Словачка.
На Студијата за развој на инфраструктура за $CO_2$ во пристаништето Ротердам се доделени 6,5 милиони евра чија цел е да се воспостави прекугранична мрежа на јаглероден диоксид со отворен пристап во северозападна Европа.
Во секторот за гас, CEF ќе го поддржи, со близу 215 милиони евра проектот Балтички гасовод, нова двонасочна офшорна врска за гас помеѓу Полска и Данска. Овој нафтовод ќе биде клучен за безбедноста на снабдувањето и интеграцијата на пазарот во регионот.
Европската комисија во следниот долгорочен буџет на ЕУ 2021-2027, предложи обновување на Спогодбата за поврзување на Европа со распределба на 42,3 милијарди евра за поддршка на инвестициите во европските инфраструктурни мрежи, вклучувајќи 8,7 милијарди евра за енергија.



http://europa.eu

*ЕУ КАЛЕНДАР / февруари 2019*

*1,. Европски денови на индустријата 2019, 05-06/02/2019, Брисел, Белгија.*
*2. Пленарна сесија (133) на Европскиот комитет на региони, од 6-7/02/2019 во Европски парламент во Брисел;*
*3. Пленарна сесија на Европскиот парламент, 11-14/02/2019, Стразбур;*
*4. Состанок на Советот на ЕУ за надворешни работи, 18/02/2019, Брисел.*



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот јануари 2011-јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организационо е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




